**Флорина-Лаура НЕКУЛАИ**

# Како би изгледала Федерална Европа?

***Вежба на замислена визија за младата генерација***

Превод од англиски:
Христина Дојчинова

Оваа книга беше напишана со техничката поддршка и знаењето на **Унијата на Европски Федералисти (UEF)**. Иако е финансирана од Европската комисија, оваа книга не ги изразува нејзините ставови.

© 2005 Флорина-Лаура Некулаи

Mechelse Drukkerijen
Maanstraat 8, B-2800 Mechelen
тел:   + 32 (0)15/ 203519
факс: + 32 (0)15/216334
www. medru.be

***“Слоевите во Европската***
***Федерална Унија треба да бидат***
***како слоевите во тортата;***
***ако еден недостасува,***
***тортата го губи својот***
***целосен вкус“***

# Благодарност

За издавањето на ова дело, јас морам да упатам особена благодарност до неколку луѓе, и да им се извинам на оние кои не се спомената овде.

Би сакала да се заблагодарам на Унијата на Европски Федералисти (УЕФ) за помошта со техничка поддршка и знаење, како и на Фламанската Младинска Национална Агенција за заслугите во овој проект.

Исто така, сакам да му се заблагодарам на проф. Душан Сиџански, Проф. Џулијано Амато, Др. Жилбер Казасус, проф. Тангиј де Вилд, Ричард Леминг, Џон Пери, и проф. Серџо Пистоне за нивната љубезност што се согласија да го прочитаат ракописот на оваа книга и да ја подобрат со нивните предлози.

Сакам да упатам благодарност и до Стевен Евертс, Фабрис Филие и Шарис Ксирушакис за интересните разговори од областа на политиката, кои ги водевме во рамките на овој проект.

За материјалите кои беа обезбедени за одредени федерални држави, сакам да им се заблагодарам на Симон Буркхарт, Кристина Вајх-Хондрила, Јулиус Хондрила и Беат Шпет.

Сакам да ја искажам мојата благодарност и до моите пријатели Џоан, Том, Ана, Ник, Бред и Мајкл за нивната постојана поддршка за време на овој проект. Особена благодарност упатувам до Ненси Норис за нејзината љубезност што прифати да го лекторира текстот. Исто така, му се заблагодарувам и на Пол Диренс.

За крај, последни по ред но не и по значење, сакам да им се заблагодарам на моите родители, Марија и Стефан, за нивната љубов и верба, постојана поддршка и охрабрување низ годините.

## Содржина

*Предговор* ……....................................... 7

*Вовед*.......................................................12

**Прв дел:**
Замислено интервју со Претседателот на Европската Унија....................................16

**Втор дел:**
Замислено интервју со Шефот на Европската Влада.................................. 57

**Трет дел:**
Замислено интервју со Министерот за надворешни работи на Европската Унија.......................................................80

*Поговор* .................................................106

*Формулар за одговор/мислење* ...........113

## Предговор

Литературата за федерализмот сега има краток, едноставен и експлицитен текст. Млад автор се обидува да им даде одговор на младите генерации на прашањето: „Како би изгледала федерална Европа?”.

Преку спроведувањето на три замислени интервјуа со личности кои помалку или повеќе, се земени од Европската политичка реалност, авторот ú дава чувство на оригиналност и динамизам на литературата во врска со европскиот федерализам.

Авторот објаснува што е тоа федерализам преку многу практичен пристап: замислените интервјуа, спроведени од страна на млад тим составен од новинарка и камерман кои работат за Европската младинска телевизија, откриваат дека европскиот федерализам има корени длабоко во

историјата и ја опишуваат неговата еволуција низ времето. Книгата дава прецизни примери за европската политика која се однесува на образованието, вработувањето, здравството и заштитата на потрошувачите и се обидува да објасни што ќе се промени доколку Европа е федерална држава; исто така ги покажува силните страни кои Федералната Европска Унија би ги имала на меѓународната сцена. Понатаму, книгата дава добри аргументи за големиот број предности на Федералната Европска Унија и сепак им остава на младите да одлучат дали тие лично го поддржуваат овој модел или не.

Вакви иницијативи кои доаѓаат од младата генерација се повеќе од добредојдени! Младите луѓе треба да се охрабруваат поактивно на граѓаните да им ги објаснуваат комплицираните европски прашања, како и корисата од

постоење на Федерална Европска Унија. Федералистичката верзија на Европската Унија мора да се објасни на начин кој и „луѓе од улицата“ би го разбрале.

Ова е и главната цел на оваа книга, а целта секако е исполнета. Но, ваквата иницијатива мора да оди заедно со зголемена политичка активност.

Европската Унија моментално е во криза бидејќи многу од европските граѓани изгубија верба во способноста на ЕУ да ги разреши најтешките проблеми со кои Унијата се соочува, како на пример – невработеноста. Европските граѓани мора да бидат подобро информирани за европската политика и тие треба повеќе да се вклучат во истата. Дебатирањето околу Уставот треба да продолжи и поактивно да ги вклучи сите граѓани. Сите про-Европјани како и оние кои гласаа позитивно за европскиот Устав – а тоа го направија поголем дел од земјите членки и населението на ЕУ –

треба заеднички да се борат за европскиот Устав. „Периодот за размислување“ не заповеда тишина, туку повеќе активност.

За да продолжи европскиот проект, потребна е заедничка акција. Иницијативата на Европската комисија да ја подобри комуникацијата со граѓаните, таканаречениот „План Д“ (буквата Д е за демократија, дијалог и дебата) може да биде успешен само доколку граѓаните на Европа го поддржат. Од друга страна пак, тешко е да се вклучат граѓаните во еден комплициран процес како што се европските прашања. Меѓутоа преку поголем трансфер на моќ на регионите и локалните власти, граѓаните можат да добијат подобра слика за Европа и да учествуваат поактивно во исполнувањето на федералната визија за Европа.

Во процесот кон федерална иднина на Европската Унија мора да биде вклучена

младата генерација. Мора да се осигураме дека младите ги разбираат големите предности кои ги нуди обединета Европа. Како што е споменато во насловот, книгата „Како би изгледала Федерална Европа?“ е една вежба за визија за младите, но може да биде многу корисен извор за информации и инспирација за сите оние кои би сакале да прочитаат краток и динамичен, но истовремено и информативен документ за тоа како би можела да изгледа федерална Европа.

**Др. Фридхелм ФРИШЕНШЛАГЕР**
Генерален Секретар
Унија на Европски Федералисти

# Вовед

Ова дело е резултат на моето долгорочно убедување дека книгите кои се напишани на висок академски стил достигаат само до ограничена читателска публика и го намалуваат вистинскиот интерес на младите во таа одредена област, што во овој случај е политиката.

Голем дел од политичките аргументи се дискутираат долго и на комплициран начин, испишани на стотици страници, и тоа ги прави достапни главно на оние кои студираат политика и на оние кои имаат време и интерес. Затоа се прашувам: што е со младите луѓе во овој лавиринт од политички информации, во кој лесно може да се загуби чувството за насока?

Овој проект, дел од програмата за МЛАДИ на Европската комисија, се стреми да им објасни, главно на младите на возраст меѓу

15-30 години, што е федерализам во општи рамки и поспецифично, кој е концептот на европскиот федерализам. За полесно да биде разбран, текстот е презентиран во форма на дијалог.

Книгата се состои од три фиктивни интервјуа. Првиот дел претставува дијалог со Претседателот на Европската Унија кој ќе даде преглед за тоа што е федерализмот. Вториот дел исто така е замислен дијалог, овојпат со Шефот на Владата на Европа. Овој дијалог ќе покаже како еден федерален систем во Европа може да влијае на секојдневниот живот на граѓаните. Третиот дел е замислено интервју со Министерот за надворешни работи на Европа. Овој дел ги подвлекува потенцијалните силни страни на обединета Европа на меѓународната политичка сцена. За да го направам ова дело попривлечно за младите, интервјуата се спроведени од страна на млада новинарка и камерман кои

работат за ТВ станица која ја нареков Европска Младинска Телевизија (ЕМТВ).
Овој проект беше еден вид на вежба за мене, и покрај другото, сфатив дека е потешко да се развијат аргументи и дискусии со едноставни зборови, отколку на академски јазик и стил.

Најтешкиот аспект беше проектот да се развие на начин кој би бил најприфатлив за младите луѓе, кои би учествувале и би извлекле корист и од процесот и од производот. За да се прошири книгата до колку што е можно поголема читателска публика од млади луѓе кои можеби сé уште не изучиле совршено некој странски јазик, истата мораше да биде преведена од англиски на повеќе странски јазици. Ова беше одлична можност за многу студенти, кои студираат на филолошки факултети, да го преведат ова дело на нивните мајчини јазици. Би сакала да им се заблагодарам на сите младинци кои волонтираа да ја преведат оваа книга.

Се надевам дека оваа книга ќе им помогне на младите подобро да си претставаат визија за тоа како би изгледала федерална Европа и кои предности таа може да ги донесе.

Уживајте!
Флорина-Лаура НЕКУЛАИ

# ПРВ ДЕЛ

## Замислено интервју со Претседателот на Европската Унија

**Новинарката и камерманот од Европската Младинска Телевизија (ЕМТВ) заминуваат од студиото за да се сретнат со Претседателот на Европската Унија за да снимаат интервју...**

- Ајде одлучи се побргу што ни треба! Мора да побрзаме ако сакаме да стигнеме навреме за интервјуто!

- Секогаш ме брзаш!

- Работиме заедно веќе извесно време и морам да признаам дека имало случаи кога навистина непотребно сум те брзала, но овојпат е многу важно.

- Добро, добро, кого ќе интервјуираме денес?

- Претседателот на Европската Унија!!!

- Хммм, така значи. Тогаш мислам дека е подобро да дојде уште некој со нас, за да ми помогне со светлата...

- Ќе се снајдеш и сам, ајде те молам побрзај.

- Ги подготви ли твоите прашања?

- А што мислиш ти?

- Па, и јас исто така можам да кажам дека долго време работиме заедно, и... понекогаш твоите прашања ми изгледаа многу спонтани.

- Одам по автомобилот! Овојпат прашањата внимателно ги подготвив.

- Знаев! Сепак, се работи за Претседателот на Европа. Може ли да ги ѕирнам прашањата?

- Претпочитам да го задржам „елементот на изненадување".

- „Елемент на изненадување"... можеш ли барем малку да ми објасниш? За што ќе прашуваш?

- Всушност, подготвив три комбинации од прашања за трите интервјуа кои ќе ги спроведиме оваа седмица. Материјалот треба да биде готов за документарната емисија која ја подготвуваме следниот месец. Првиот дел ќе биде за Претседателот и ќе се фокусира на неговите погледи за федерализмот, и особено за европскиот федерализам. Во вториот дел, прашањата ќе ги дискутираме со Шефот на Европската Влада и ќе видиме како федерална Европа би влијаела на секојдневниот живот на европските граѓани и на младите луѓе. Третиот дел е за сегашните силни страни на Европа во меѓународната политика. За одговорите, ќе го интервјуираме Министерот за надворешни работи на Европа.

**И интервјуто со Претседателот на Европската Унија започнува...**

***- Господине Претседател, ви благодарам што ја прифативте нашата покана за овој дијалог, кој е дел од документарната емисија која Европската Младинска Телевизија (ЕМТВ) сака да ја подготви за Европската Унија и федерализмот. Би започнала со тоа што ќе ве замолам да се обидете да го дефинирате зборот „федерализам".***

- Сакам да ви се заблагодарам за поканата и особено би сакал да го изразам моето задоволство што сум поканет да зборувам за европскиот федерализам.

Процесот на европска интеграција е долг, особено кога ќе се спореди со процесот на создавање на Соединетите Американски Држави. Дефинирањето на федерализмот беше првиот предизвик со кој се соочија експертите, но сé уште нема една единствена дефиниција која ги задоволува сите нив. Елементите кои го дефинираат федерализмот се насекаде низ политичките и филозофските писанија,

кои ја компликираат задачата да се даде една едноставна и севкупна дефиниција на терминот. Според тоа, „федерализмот“ може да се дефинира како нова идеологија, или како политичка теорија, или како модел на управување, или – понеутрално - како идеја или концепт. Без разлика на тоа колку се проширени гледиштата за федерализмот, има неколку централни поенти кои би сакал да ги нагласам.

Првата од овие поенти се однесува на етимолошкиот корен на зборот, кој доаѓа од латинскиот збор 'foederis' ('договор'). Втората поента за договорот за федерализам се однесува на принципот на избегнување на војната: бидејќи и либералната, и демократската и социјалната идеологија се докажаа немоќни да ги обезбедат потребните средства за да се избгене војна меѓу државите, на федерализмот се гледа како на една од „идеолошките надежи“ во насока на вечен мир. Третата тангентна поента се однесува на дефинирањњто на

федерализмот како уредување на мултикултурен субјект во кој секоја компонента има своја сопствена влада со свои атрибути која постои напоредно со централната влада на која ѝ имаат пренесено дел од своите надлежности, и преку тоа и даваат легитимност за да дејствуваат како наднационална влада во тие области.

***- Ако не постои широко прифатена дефиниција на федерализмот, како би ги опишале некои од неговите принципи?***

- Федерализмот цели да обезбеди ефикасна рамнотежа меѓу централизацијата и автономноста. Во неговите принципи влегуваат: демократијата и почитувањето на човековите права; разновидност и толеранција; плурализам и автономност; ефикасност и учество.

***- Би сакале ли малку повеќе да ја проширите оваа изјава?***

- Ќе се фокусирам само на четири принципи на федерализмот: разновидност и толеранција, ефикасност и учество.

Подетално, би рекол дека федерализмот е концепт кој го опфаќа уредувањето на една територија населена со заедници од различни култури кои живеат заедно во институционална рамка која ја обезбедува обединетоста на територијата и истовремено го гарантира опстојувањето на граѓаните кои живеат на таа територија. Правилното функционирање на таков субјект подразбира поделба на моќта меѓу наднационалната власт и институциите на регионално, национално и локално ниво. Ова значи поголема ефикасност и гаранција дека донесените одлуки ги почитуваат локалните специфичности. Постоењето на неколку нивоа на политичка моќ може да стимулира политичко учество на граѓаните на различни нивоа на јурисдикција.

***- ...???***

- На пример, доколку Европската Унија беше федерална унија, таа ќе претставуваше мултикултурен субјект кој во своите граници има и Французи, и Германци, и Финци, и Италијани итн., при што сите имаат свои сопствени култури, и сите се демократски држави. Да се живее заедно во истите граници им дава поголеми можности на луѓето да се запознаат подобро, да се разбираат, и да толерираат различни култури. Сите овие различни културни групи се составени во демократски држави кои имаат сопствени влади (Французите со сопствена влада, Германците со сопствена влада, итн) кои управуваат и донесуваат одлуки за нивните граѓани. Ваквите национални влади кои ги претставуваат Французите, Германците, Финците, итн, би предале дел од својата моќ на друга влада (Европската влада) која би управувала и би донесувала одлуки од општ (европски) интерес.

Оваа втора влада се нарекува „наднационална“ затоа што доаѓа над

националната. Хиерархиски не е од повисок ранг, едноставно, таа би имала европски мандат наместо национален. Наднационалниот карактер всушност се однесува на независноста на донесување одлуки на европско ниво, и предноста на тие одлуки во однос на националното законодавство. Ова подразбира ограничување на суверeноста на земјите членки или поточно, поделба на суверенитетот по оние прашања кои најдобро се спроведуваат на наднационално европско ниво.

***- Претпоставувам дека поделбата на области на надлежност – или овластувања - на различни нивоа во општеството дава други предности: прво, европскиот граѓанин може да се обрати до најблиската власт за што побргу да го разреши својот случај. Второ, постоењето на различни нивоа на надлежност значи дека многу луѓе се вклучени во работењето на овие нивоа, што значи пошироко разбирање на политичките***

***односи и повисоко ниво на учество на граѓаните во донесувањето на политички одлуки.***

- Ваквата претпоставка исто така значи повеќе бирократија, така што работите и не се толку едноставни. Општо земено, сепак, вашата претпоставка е точна.

***- Дали федерализмот се практикува само во модерно време или има и други примери за него низ историјата на човештвото?***

- Во пракса, изгледа дека федералниот тип на уредување постоел уште во грчко-римските древни времиња. Грчките градови-држави (нарекувани 'polis') биле уредувани во конфедерации во кои се здружувале со консензус и кои имале заеднички институции за да ги заштитат нивните заеднички интереси, бранејќи се едни со други, и штитејќи се од било какви конфликти кои би можеле да се појават меѓу нив.

Овие градови-држави си ја зачувале својата автономност во рамките на империјата која го промовирала формирањето на ваквите конфедерации. Се вели дека имало многу такви уредувања во третиот век пред нашата ера. Во истиот временски период и под грчко влијание, се чини дека една од лигите од Мала Азија имала развиено федерален Устав со федерално собрание во кое секој град држел број на седишта пропорционален на неговото население.

Во времето на Римјаните, била создадена таканаречената латинска лига. Таа исто така се основала на договор меѓу луѓето кој се нарекувал 'foedus', односно тоа бил денешниот етимолошки корен на зборот федерализам. Со сите оние кои ги победиле, Римјаните склучиле спогодби во вид на договор меѓу Рим и победениот народ и претставувале начин на кој се легитимизирала моќта на Рим. Во теорија...

**...се скрши едно светло и на тимот му беше потребно време да го поправи. По**

**некое време, тие продолжија со интервјуто. Претседателот продолжи...**

Во теорија, призвуци на ваквиот вид на уредување продолжија да живеат и по падот на Рим, но првиот важен чекор беше направен во 17. век, со Договорот од Вестфалија (1648) со кој заврши Триесетгодишната војна. За првпат, федерализмот почна официјално да се дефинира поради дебатата за тоа кој е најдобриот начин на уредување на општеството, како федерална држава или како централизирана.

Германецот Јоханес Алтусиус разви теорија за федерализмот, со која се обиде да замисли систем на политичко уредување во кој луѓето учествуваат со нивна согласност. Истовремено, Жан Боден ја креираше теоријата за централизам, во која е вклучена идејата дека суверенитетот е неделив, и може да се лоцира или на централно ниво или на ниво на земјите членки, но не може да се дели како во случајот со федерализмот. До средината на

20. век, неговата теорија го инспирираше Западното политичко мислење во најголем дел од европските држави.

***- Сепак, теоријата за федерализмот преживеа во неколку западноевропски држави, како што се Германија и Швајцарија, но и во Соединетите Американски Држави каде почна да инспирира нови формулации. Еден век подоцна, американскиот пример за федерализам основан по американската револуција создаде силно влијание врз другите нации насекаде низ светот и од многумина се смета за камен-темелник во создавањето и еволуцијата на федерален тип на уредување. Како федеразлизмот се разви на американскиот континент?***

- Американската револуција беше војна за независност со повеќе фази, но сите тие заедно составија еден континуиран процес.

Во првата фаза, откако ја објавија својата независност Соединетите

Американски Држави (САД) го создадоа својот прв пишан Устав во 1777, кој се нарекувал „Членови на конфедерација и вечна унија". Првиот Устав гарантирал дека неговите членови треба да си ја задржат нивната целосна сувереност, според тоа ставајќи ја на ризик еволуцијата на САД како единствена држава. Биле потребни одредени реформи на членовите на Уставот со цел конфедерацијата подобро да функционира, но по десет години, во 1787, новата Конвенција се одржала во Филаделфија и било одлучено да се укине идејата за реформи, и наместо тоа да се изработи нов Устав. Уставот од 1787 се смета и за второ основање на Соединетите Американски Држави.

Новината во Уставот од 1787 е тоа што истиот ги издвојува трите засебни гранки на власта и исто така создава систем на поделба на моќта и постоење на взаемна контрола меѓу трите гранки. Јасно ги дефинира надлежностите на федералната влада и на државите.

Американската револуција беше повеќе политички успех, отколку интелектуален. Иако на почеток не било совршено, во пракса достигнувањето е во тоа што е развиен функционален систем кој надворешно остава значителна моќ на федералната држава, но внатрешно им ја остава локалната власт на граѓаните на државите.

***- Како еволуираше практиката на федерализмот во европските земји?***

- Еволуцијата на федерализмот во европските земји беше интересен процес; за некои земји федерализмот претставуваше асоцијативен процес, како што е случајот со Германија и Швајцарија, или од друга страна беше користен како решение да се спречат поделби на земјата, како што тоа беше случај во Белгија.

***- Би сакале ли да ни дадете повеќе детали за случаите на Германија и Швајцарија?***

- Германија, за разлика од Франција, Шпанија, Обединетото Кралство или другите европски национални држави, имаше централистички систем многу кратко време; всушност тој дојде по формирањето на унитарна национална држава. Во Средниот Век, Германија претставуваше слабо здружение на независни кнежевства кои потпаднале под власта на „Светата Римска Империја на германската нација“, наследник на Римската Империја. Првата германска национална држава, германскиот Рајх (империја) официјално беше основан во 1871 и веќе имаше остварено федералистички систем иако беше под власт на Прусија. Надлежностите на германските држави значително ги надминаа надлежностите на германскиот Рајх. Главната цел на германските држави не беше да основаат централизирана национална држава, туку домашен пазар без тарифи и заедничка валута која би го помогнала еконмскиот развој.

Според тоа, од политичка гледна точка, Рајхот повеќе наликуваше на конфедерација од независни држави под водство на Прусија, отколку на вистинска федерална нација. Првиот демократски федерален систем беше основан во 1918 под таканаречената Вајмарска Република која се состоеше од  покраини - 'Länder' (поранешните федерални држави) кои значително се разликуваа по однос на нивната територија и економска сила. Меѓутоа, во времето на Вајмарската Република моќта на покраините била ограничена споредбено со влијанието на федералните држави на германскиот Рајх. Во 1933, кога Хитлер дошол на власт, германскиот федерален систем се распаднал и бил заменет од централизираното нацистичко диктаторско владеење кое траело до 1945. По завршувањето на Втората светска војна, биле создадени две Германии, со тоа што западниот дел станал вистинска федерација.

***- Дали германскиот федерализам би можел да биде модел за Европската Унија?***

- Некои луѓе би се согласиле со тоа, но јас сепак мислам дека и покрај фактот што Германија е една од првите европски држави кои го искусиле федерализмот во пракса, всушност моделот на швајцарскиот федерализам е оној што може да се земе и да се имплементира на европско ниво поради неговиот мултикултурализам и мултилингвизам; швајцарската федерална влада (избрана од страна на Парламентот) ги рефлектира засебните швајцарски региони и политички партии.

Швајцарскиот процес на градење нација најпрво помина низ конфедерациско уредување. Втурнати во некој вид на унија против моќните соседи, кон крајот на 13. век швајцарските кантони основале немоќна конфедерација. Дури во 19. век (1848) Швајцарија усвоила федерален Устав.

Хетерогеноста на земјата од сите гледни точки, особено во смисла на јазици

и региони, добро се рефлектира во нејзината федерална структура која има три нивоа: федерално ниво, кантонско ниво и ниво на општини; последните две нивоа уживаат голема политичка и финансиска моќ, додека правата на малцинствата се заштитени.

На федерално ниво, швајцарското дводомно Национално Собрание ја игра улогата на швајцарски Парламент. Едниот дом – Националниот Совет – го претставува швајцарскиот народ, додека другиот дом –- Советот на држави - ги собира претставниците од кантоните. Иако и двата дома имаат иста моќ, Советот на држави има право на вето. Меѓутоа, изгледа дека тајната на успехот на швајцарскиот федерализам е комбинацијата на федерализам и на директна демократија што предвидува и консултација со населението по пат на референдум за разни прашања и им дозволува на граѓаните да предлагаат законодавство.

Во моментов, од сите земји членки на Европската Унија, Германија, Белгија и Австрија се федерални држави; Италија и Шпанија се во процесот на децентрализација; Франција која е позната по својот центризам – им даде поголеми овластувања на регионите, а Обединетото Кралство се наоѓа во длабокиот процес на „децентрализација".

***- Беше споменато дека Швајцарија преминала од конфедерација во федерација. Која е разликата меѓу конфедерација и федерација?***

- За да се направи разлика меѓу федерација и конфедерација, мора прво да кажам дека нема само еден тип на федерализам, туку има толку федерализми колку што има и федерални држави, дури и ако принципите се исти. Конфедерацијата е само еден пример. Разликата помеѓу двата термина е очигледна главно во односот на државата наспрема индивудуата.

Во федерацијата, политиката и одлуките кои се донесуваат од страна на наднационалната влада се применуваат директно врз граѓаните кои мора да ги почитуваат. Ако не се согласуваат со политиката и одлуките кои се донесуваат, тие имаат право да се жалат до Судот на правдата, или пак можат демократски да спроведуваат кампањи за да се промени законот. Во конфедерација, политиката и одлуките кои се донесуваат се однесуваат на националните влади кои ја задржуваат својата сувереност и се среќаваат само за да одлучат за некој заеднички став за одредени работи.

***- Кои се другите разлики?***

- Другите разлики меѓу федерација и конфедерација се следниве: федерацијата се базира на устав, додека конфедерацијата се базира на договор; федерацијата може да да го ревидира својот устав преку прифаќање на предлози (наречени „амандмани“) преку изгласување

мнозинство, додека конфедерацијата може да го промени договорот доколку сите страни се согласни, значи ако гласаат едногласно; федерацијата е држава сама по себе бидејќи националните власти предаваат дел од своите надлежности на наднационалната влада, која е одговорна за општата грижа, додека конфедерацијата не е држава сама по себе.

Најголем дел од земјите кои денес се познати како федерации, во одреден момент искусиле конфедерациско уредување. Ова е случајот со САД, Германија и Швајцарија. Европската Унија е целосна конфедерација со сé поголем број на федерални елементи.

***- Како еволуираше теоријата за федерализмот на европско ниво?***

- Федерализмот за првпат бил поставен во теоријата во 17. век, во контекст на дебатата за тоа кој е најдобриот начин да се уреди едно општество, дали како федерален или како централизиран систем. Во Европа, повеќе од три века мнозинството држави го

практикувале централизираниот систем на општествено уредување, сé до крајот на Втората светска војна.

Во 18. век, Кант го издаде делото "Вечен мир" ("Pax Eterna") во кое тој вели дека федерализмот им оневозможува на федералните држави да војуваат едни со други; на тој начин на федерализмот се гледа како на единствен начин кон „вечен мир". Иако Кант немал конкретен пример за федерална влада, аргументот кој тој го развива за односот меѓу федерализмот и мирот, претставува голем чекор напред за теоретизирањето на федерализмот во Европа.

Во 19. век веќе можело да се сретнат политички мислители кои биле опасни за централизираниот систем, за кој мислеле дека е неспособен да обезбеди мир меѓу државите и кои се спротивставувале на концептот на нација-држава. Примери за ваквите претставници се: Пјер-Жозеф Прудон кој се спротивставил на создавањето на

италијанската национална држава, Константин Франц, кој бил против создавањето на германската нација-држава; и Карло Катанео кој ја замислил Хабзбуршката монархија како демократска федерална држава.

Во првата половина на 20. век, Европјаните развиле различен концепт на федерализам од Американците. Ова било познато како „персоналистичко" движење. Постоела глобална визија за федерализам која била инспирирана од Прудон, Франц и Катанео. Иницијаторите на ова движење биле група на интелектуалци која ги вклучувала Александар Марк, Денис де Ружмон и Анри Бругман. Движењето било формирано и развиено во триесетите години од оние мислители кои исто така ги основале и списанијата "L'Ordre Nouveau" и "Esprit". Во контекст на глобалната економска криза, движењето иницирало нов тренд на мисла кој ја отфрлал идејата дека глобалната економска криза е нерешлива. Кризата со која се соочиле нациите-држави

ги охрабрила федералистичките активисти да нагласат дека федерализмот може да даде решение за политичката, економската и социјалната депресија која владеела во тоа време. Штетата од Првата светска војна и слабоста на Лигата на нациите покажале дека националната држава не може сама да ѝ се спротивстави на новата ситуација. Во овој контекст, критиката за националните држави од 19. век најде и други следбеници во првата половина од 20. век.

***-Основите на Европската Унија беа поставени во повоениот период на Втората светска војна. Како се разви федерализмот на европско ниво по Втората светска војна?***

- Татковците на основањето на она што денес се нарекува „Европска Унија" замислиле политички и економски механизам за здружување на индустриите за производство на јаглен и челик со комерцијален интерес за произведување воен материјал под контролата на Висока

власт: особено на Франција, Белгија, Италија, Холандија, Луксембург и Германија. Договорот за основање на Европска Заедница за јаглен и челик беше потпишан во Париз (1951) и беше ратификуван набргу потоа.

Често се вели дека Европската Унија започна како економски проект. Иако ова тврдење е точно, често се заборава дека унијата е исто така и политички проект. Семето беше посеано уште во периодот меѓу двете војни, кога прашањето за федерализам престана да опстојува само како интелектуална дебата и стана важен дел од политичката агенда. По завршувањето на Втората светска војна, потребата за систем кој е способен да спречи војни помеѓу државите, беше неизбежна. И интелектуалците, како и политичарите изразија различни мислења за процсот за воспоставување на мир. Федерализмот беше една од теориите кои тие ги разгледуваа.

***- Политичката димензија беше основна во креирањето на Европската Унија уште во почетокот, бидејќи и Жан Моне и Роберт Шуман планираа федерална унија со наднационални институции на кои моќта би им била предадена од страна на нејзините земји членки.***

- За жал, во таквите историски услови се подразбираше дека националниот суверенитет е високо ценет во Европа и веројатноста европските држави да имаат волја да ја делат нивната сувереност беше многу мала. Со Договорот од Рим (1957) економскиот дел од европскиот проект направи постојан прогрес, додека пак на политичката страна, идејата за Европска Федерална Унија и за заеднички систем на одбрана беа оставени за во иднина. Меѓутоа, федералните амбиции на татковците на основањето на ЕУ сега полека доаѓаат до исполнување.

***- Иако политичкиот федерален проект, во почетокот беше одложен, федералните***

***движења низ Европа се обидоа да го одржат во умовите и дејствата на европските политичари.***

- Да, навистина. Низ Европа се формираа бројни федерални движења, започнувајќи во периодот меѓу војните па се до повоениот период: Паневропска Унија (1923); Федерална Унија (1938); Европско федерално движење (1943); Кругот на нова Европа (во средината на четириесеттите години); Европската парламентарна унија (ЕПУ) која беше вклучена во Меѓународното европско движење во почетокот на педесеттите години; и Унијата на европски федералисти (1947).

По завршувањето на Втората светска војна, во септември 1946 година, милитантите за федерална Европа се сретнаа во Швајцарија, и во октомври европските федералисти заедно со американските федералисти основаа светска федерална организација која денес е позната под името Светско федерално движење. Во 1947 се одржа првиот конгрес

на европските федералисти; истата година беше лансирана „кампањата" за Светска Влада. Таа кампања имаше за цел создавање на светски устав за да се гарантира одржување на светскиот мир. Понатаму, во раните педесетти години Унијата на европски федералисти лансираше европска кампања за Европско Собрание избрано директно од граѓаните. Зад кампањата стоеа важни федералисти: Алтиеро Спинели (Генерален секретар на Европското федерално движење), Пол-Анри Спак (Претседател на Европското движење), Алсид де Гаспери, итн. Две децении подоцна (во 1979), Европскиот парламент стана тело кое директно се избира од граѓаните.

***- Други два важни придонеси на федералните активисти во врска со амандманите на Договорот од Рим беа Единствениот европски акт (1986) и Договорот од Мастрихт (1992), кој стана попознат откако беше предмет на***

***референдум во неколку европски земји членки, а во Данска дури двапати.***

- Договорот од Мастрихт донесе други промени во функционирањето на европските наднационални институции. На инсистирање на Британците, во Договорот беше вклучен и принципот на супсидијарност. Принципот на супсидијарност е, како по обичај во европската терминологија, тежок збор за едноставен и корисен принцип. Всушност, овој термин значи дека одлуките кои директно ги засегаат граѓаните, треба да се донесуваат на најблиско ниво до нив. Ова претпоставува јасна поделба на надлежности и овластувања, така што на пример, оние проблеми кои можат да се решат на ниво на општина, да не се решаваат на регионално ниво; и проблеми кои можат да се решат регионално да не се разгледуваат на национално или на европско ниво. Принципот на супсидијарност е еден од главните принципи на размислување на европските

федералисти. Тој исто така беше вклучен во нацрт-верзијата на европскиот Устав.

***- Каков беше нацрт-договорот за европскиот Устав и што значеше тој за активистите за федерална Европа?***

- Европскиот уставен договор беше изготвен од европската Конвенција за иднината на Европа и беше сфатен од активистите за федерална Европска Унија како шанса повторно енергично да се пласира камапањата за политичка Европа, која започна уште во почетокот на создавањето на Европската Унија.

Во 2001, шефовите на држави и влади на земјите членки на ЕУ одлучија дека треба да се одржи европска Конвенција за да се изработи нов „правилник" за подобро функционирање на Европската Унија која се проширува. Тие одлучија вака бидејќи проширувањето од 15 на 25 земји членки значеше дека некои од постоечките правила мора да се прилагодат за да може Европската Унија да функционира ефикасно

и исто така поради потребата да им се олесни на граѓаните да сфатат како Унијата работи.

По оваа одлука, позната како Декларација од Лакен, се роди европската Конвенција. Имаше 105 членови собрани од националните парламенти, од Европскиот парламент, и од владите на земјите членки. Беа претставени сите поголеми партии, вклучувајќи ги и оние кои беа посветени на федерализмот и некои други кои сакаа да се одржи status quo.

Европските федералисти одлично го прифатија овој процес, кој вклучуваше висок степен на учество и претставување на граѓаните. Следејќи го моделот на Конвенцијата во Филаделфија за создавањето на Соединетите Американски Држави, европските федералисти иницираа серија од „Федералистички писма" кои ги испратија до европската уставна Конвенција, во кои повикаа за визија и храброст да се усвојат амбициозните реформи кои беа потребни за иднината на

Европската Унија. Тие предложија „Федералистички план за Конвенцијата“ со кој се обратија до Конвенцијата таа да изработи европски федерален Устав. Ова потсети на „Планот од Вирџинија“ со кој Соединетите Американски Држави преминаа од конфедерација во федерација.

***- Што друго предложија европските федералисти до Конвенцијата со „Федералистичкиот план"?***

- „Федералистичкиот план за Конвенцијата“ се однесуваше на сите области во кои Европската Унија не е доволно демократска, транспарентна или ефикасна. Исто така, се однесуваше на институциите за кои се докажа дека се премногу затворени или неодговорни спрема граѓаните или нивните претставници во Европскиот парламент. „Федералистичкиот план“ предложи европската Конвенција да го усвои следново: конечниот текст да се состои од еден единствен документ во кој ќе се содржат сите претходни договори и ќе ја

вклучи Европската Повелба за основните човекови права; Европската комисија да се трансформира во европска влада номинирана од Европскиот парламент (а не од земјите членки како што е случајот сега) и да ја има политичката обоеност на Европскиот парламент; заедничкото одлучување на Европскиот парламент и на Советот на министри да важи за сите области на политиката; и сите одлуки на Советот на министри да се донесуваат преку изгласување мнозинство, а нивните дебати да се одржуваат јавно.

Бидејќи опозицијата на федералистите беше многу силна, се случи зборот „федерација" да изостане од конечниот документ.

***- Иако европската Конвенција за иднината на Европа имаше членови кои имаа федералистички ставови, помеѓу нив имаше и такви со различни погледи за федерализмот. На пример, некои членови ја дискутираа потребата на ЕУ за динамично „федерално јадро" од држави***

***кои сакаат да се движат нанапред кон целосно федерална позиција без да треба да чекаат неволните земји да им се придружат. Други мислеа дека тоа би донело поделеност. Која е европската „авангардна" идеја?***

- Постојаното проширување на Европската Унија доведе до тоа таа да стане конфедерација распространета на цел континент, способна да дејствува ефективно во економските и светските трговски односи, но на која и недостасува вистинска *политичка* моќ. За да ја поправи оваа слабост, поранешниот Претседател на Европската Комсија, Жак Делор предложи дека мала „авангарда од европски држави" можат сами да ги преземат првите чекори кон поблиска интеграција. Идејата бргу се прошири и беше усвоена од германскиот Министер за надворешни работи, Јошка Фишер, кој во својот говор на Универзитетот Хумболт зборуваше за „авангарда" која би им дозволила на некои европски држави, на поразвиените, да се движат напред во некои

области, додека другите земји би ги следеле чекор по чекор, трансформирајќи ја на тој начин сегашната конфедерација во Европска Федерација долж целиот европски континент.

***- Колку е далеку Европската Унија од тоа да стане основана Европска Федерација?***

- Ривалите велат дека ЕУ е веќе премногу близу до тоа да стане федерална унија. Од друга страна пак, многу федералисти сѐ уште гледаат на ЕУ како на меѓувладина организација и сметаат дека првичниот федералистички план на Татковците на основањето беше одложен поради историски околности кои произведоа неволност меѓу европските национални држави да основаат политичка Европска Унија. Сепак, оттогаш секој чекор во еволуцијата на Европската Унија беше постепено придвижување кон подемократски, поефикасен и потранспарентен субјект поблизок до федералната визија.

Би било неосновано да се обвинат европските политичари за недостаток од федерална визија. Невозможно е да се работи ефикасно без да се има артикулирана цел (целта за „федерализам" е неразбрана од страна на многу европски политичари и граѓани). Колку и да е важно да се поврзе зборот „федерален" со Европската Унија, многу поважно е да се обезбеди дека практичната примена на неговите принципи е позитивна придобивка за европските граѓани.

Во рамките на Конвенцијата, федералистичката кампања забележа успех во однос на тоа дека: Европската Повелба за основните човекови права беше вклучена во уставниот текст; политичките области кои се предмет на заедничко одлучување помеѓу граѓаните кои се избрани како претставници во Европскиот парламент и Советот на министри се зголемија; граѓаните ќе бидат во можност да поднесат поплака директно до европскиот Суд на правдата и исто така ќе им биде дадено

правото да предлагаат закони со собирање на барем милион потписи како поддршка на она што го предлагаат.

Доколку ја погледнеме долгорочната слика, дефинитивно има многу други проблеми кои треба да се решат за да се обезбеди целосно демократски процес на одлучување во Европската Унија, и нејзините институции да се направат потранспарентни и поефикасни. Патот до комплетна европска федерација сé уште е долг, но малите чекори во федерална насока произведуваат напредок, без разлика на тоа колку е бавен. Овој нацрт-документ за Уставот е најважниот и најопиплив резултат на федералистичката кампања и знак дека истата ќе продолжи. Без разлика на потешкотиите со кои земјите членки моментално се справуваат во однос на ратификувањето на овој нацрт-договор за Уставот, нивните предлози за реформи во ЕУ сега претставуваат цврст дел од европската дебата.

***- Господине Претседател, би сакала да ви се заблагодарам за овој интересен преглед на еволуцијата на федерализмот во Америка и особено во Европа. Како дел од нашата документарна емисија, следното интервју ќе биде со Шефот на Европската Влада и ќе се однесува на влијанието што федерална Европа би го имала врз секојдневниот живот на граѓаните.***

**На пат назад кон студиото, каде што новинарката и камерманот од ЕМТВ сé уште имаат да завршат многу работа:**

- Сигурен ли си дека ги зема сите кабли и светла од претседателската канцеларија?

- Од заоблената канцеларија!

- Ха, ха, ха!!! Да, многу смешно: Претседателот на Соединетите Американски Држави има „овална" канцеларија, а европската е заоблена. Сепак, симболот на разновидната на

обединета Европа, очигледно стои на неговата работна маса.

- Настрана од ова, мислам дека ќе се сложиш со мене дека нашите млади гледачи ќе научат многу од првото интервју. Јас самата научив многу, но поважно е дека сега имам многу појасна слика за тоа што е федерализам: федералното уредување постоело уште во старите грчко-римски времиња, но во теорија првпат се споменува во 17. век, кога мнозинството европски држави претпочитале унитарна држава со силна владеачка моќ. Штетата предизвикана од Првата светска војна била поттик за некои европски лидери да ги вложат нивните надежи во заедничка организација, Лигата на народите, и некои од нив веќе замислувале европска федерација. Уште поголемата штета предизвикана од Втората светска војна дефинитивно ги помести дебатите за федерална Европа од академската на политичката агенда. Во почетокот на педесетите години,

иницијативата за економска Европа беше преземена од страна на Французите и Германците, но политичкиот план беше одложен за идните генерации. Сегашните потешкотии на Европската Унија која работи со речиси 30 влади, но користејќи ги правилата воспоставени за само 6 земји, ја наметна потребата договорите да се ревидираат и во 2002 да се лансира европската Конвенција за иднината на Европа. Конвенцијата работеше повеќе од 15 месеци на европскиот Устав, документ кој не е совршен, но гарантира дека европските институции во идинина ќе функционираат многу поефикасно, подемократски и потранспарентно. Исто така, Уставот ќе ги приближи институциите до граѓаните кои ги претставуваат.

# ВТОР ДЕЛ

## Замислено интервју со Шефот на Европската Влада

**Новинарката и камерманот, одејќи да го спроведат нивното второ интервју за документарната емисија која ја подготвуваат за младите Европјани во врска со европскиот федерализам:**

- За што размислуваш?

- Ах, за ништо! Само се прашувам за ставовите на Шефот на Европската Влада. Што ли мисли? Која е оваа личност? Како тој или таа е избран?

- Па, како што знаеш, досега немаме Европска Влада, но имаме титула Претседател на Европската Унија. Шефовите на влади на земјите членки се менуваат во улогата на ЕУ Претседатели за период од шест месеци. Но за гледачите на нашата телевизија ние предлагаме да

погледнеме што би можело да се случи во иднина. Значи, замисли да имаме федерална Европа со дводомен Парламент, со влада, со Суд на правдата и со централна банка.

- Чекај малку! Ние веќе имаме некои од тие работи: имаме Суд на правдата, централна банка, и пред сé, имаме заедничка валута која е важен елемент за европскиот федерализам. И, не ми одговори на прашањето. Како ќе се избира Шефот на владата? Како ова ќе влијае на мојот живот? Се надевам дека твоето следно интервју ќе ми даде подобра слика за тоа како европскиот федерализам е поврзан со мене.

**И сега следи интервјуто со нашиот замислен Премиер на Европската Влада...**

***- Госпоѓо Претседател, дали Европската Унија сега има влада?***

- Па, би сакала да мислам дека е така. Од сите европски институции, Комисијата е единствената чија секојдневна активност е најблиска до активноста на една „вистинска" влада. Таа го надгледува буџетот, го обезбедува спроведувањето на законите на ЕУ, и изработува предлози за нови закони кога тоа е потребно. Но има некои владини одговорности кои Комисијата не може да ги изврши. На пример, во областите како што се заедничката безбедност, правдата и внатрешните работи, одлуките се донесуваат едногласно во Советот на министри, односно се одлучува меѓувладино. Деталите и исклучоците од ова правило се содржат во Договорите. Претставниците на граѓаните во Европскиот парламент слободно дебатираат за нивните проблеми кои ги засегаат, а во некои области специфично нагласени во договорите, Советот *мора* да се консултира со Парламентот.

Но, најголем дел од европското законодавство се донесува по „методот на

заедницата“. Да речеме, на пример дека Комисијата размислува за законодавство кои се однесува на исплатата на оштета на патниците во авионскиот сообраќај доколку летот бил одложен или откажан. Ова спаѓа во „политиката за транспорт“ и се обработува според „методот на заедницата“. Значи, пред да изработи нацрт-предлог Комисијата прво нашироко се консултира со владите на земјите членки и со индустриите, со синдикатите и граѓанските организации кои се засегнати. Тогаш предлогот се испраќа и до Советот на министри и до Европскиот парламент кои работат на истиот, и можеби го изменуваат. Европскиот парламент го анализира во комитет, додека Советот на министри повикува средба со министрите за транспорт на сите земји членки. По нивните дискусии, одлуката се донесува со изгласување мнозинство. Секако, некои земји се поголеми од други, и оние со повеќе население имаат повеќе гласови во Советот отколку помалите земји.

Во случај на несогласување помеѓу Парламентот и Советот, има внатрешни правила кои им помагаат да постигнат консензус. Во конечната фаза, новиот закон на ЕУ се вметнува во националните законодавства на земјите членки. Овој метод на „заедничко одлучување" помеѓу Парламентот и Советот се докажа како многу ефикасен во донесувањето на успешната европска политика.

***- Но доколку Европската Унија стане федерална унија, дали тогаш би имала вистинска влада?***

- Да, секако. Доколку Европската Унија стане федерална унија, тогаш сигурно Комисијата ќе ја исполни таа улога, иако не мора да значи дека ќе се нарекува „европска влада". Шефот на Комисијата, без разлика дали ќе биде познат како нејзин Претседател, „Премиер" или Канцелар – би бил назначен од страна на Европскиот парламент. Политички, Комисијата ќе ја

рефлектира политичката обоеност на Парламентот.

Во моментот, Претседателот на Комисијата го номинираат владите на земјите членки, и подлежи на одобрение од Европскиот парламент. Понатаму, другите комесари исто така ги предлагаат земјите членки, иако Претседателот е оној кој им ги задава задачите. Европскиот парламент тогаш мора да ги одобри сите заедно, како група т.е. *en bloc.*

Доколку Европската Унија стане федерална унија, Комисијата ќе претставува нејзина влада, формирана од членови на Европскиот парламент и ќе ги рефлектира резултатите од европските избори.

***- Зошто Европската Унија би функционирала подобро со вистинска влада?***

- Ако Европската Унија има влада, тоа автоматски значи дека таа би функционирала подобро. "Подобреното

функционирање“ на Унијата зависи од многу други подобрувања на системот. Сепак, тоа ќе претставува голем чекор нанапред.

Во ЕУ организирана како федерална унија, тежината на донесување одлуки комплетно лежи во граѓаните, а не во владите на земјите членки. Во сегашната ситуација во која земјите членки ја номинираат Комисијата, а Европскиот парламент тоа го одобрува, се тврди дека Комисијата има двоен легитимитет, и од владите на земјите членки и од Европскиот парламент. Оваа постапка одговара на федералниот пристап: владите се во Европскиот Совет, а претставниците избрани од граѓаните се во Европскиот парламент. Но, двојниот легитимитет и не е навистина демократски затоа што Парламентот само може да каже „не“. Изборот кој го направиле европските граѓани се рефлектира само во редовите на Европскиот парламент. Европските

политички партии треба да бидат во можност да поднесат против-предлози.

Доколку ЕУ беше федерална унија, изборите на нејзините граѓани ќе се рефлектираа во Комисијата чиј Претседател и членови би се бирале од самиот Парламент и по предлог на европските политички партии, доколку кандидатите не се членови на Европскиот парламент.

***- Кои би биле конкретните последици на федерална Европа за европските граѓани?***

- Општите последици од федерална Европска Унија за нејзините граѓани не можат да се предвидат ако се зборува само за промени на ниво на Комисијата. Сепак, гореспоменатите промени би биле многу позитивни. Промените ќе донесат предавање на многу повеќе овластувања на Комисијата во областите кои имаат директно влијание врз секојдневниот живот на граѓаните, па националните влади сами по себе нема да бидат одговорни за

невработеноста, климатските промени, јавното здравство, или било која друга област.

***- За подобро да разбереме, би можеле ли да ни дадете неколку примери, започнувајќи со политиката која ја прави Европа толку видлива, а тоа е регионалната политика.***

- Регионалната политика можеби дозволува најголема видливост за Европската Унија како заедница, и како една целина. Таа содржи неколку програми кои се разликуваат по својата цел, буџет и земјите во кои се применуваат.

Оваа политка е замислена да создаде рамнотежа меѓу центарот и периферијата. Ги поддржува сиромашните региони и им помага да достигнат исто ниво на инфраструктура и технологија како и развиените региони. Секогаш кога се гради мост или пат како дел од програмата за регионална политика, ЕУ финансира дел од проектот, а остатокот го покрива од

буџетот на тој регион или држава. Ова е една од областите во која дејствувањето на ЕУ е навистина видливо.

Во федералната Европска Унија, ова нема да се промени. Терминот „регионална политика“ веќе го означува постоењето на региони кои се способни да ги идентификуваат нивните потреби, да ги пресметуваат трошоците и да презентираат убедлив проект до Европската комисија. На пример, може да има два мали градови кои се лоцирани во област меѓу две земји членки на ЕУ кои мора да направат поправки на мостот кој ги поврзува, но ги немаат потребните средства. Тешко е за таквата локална потреба да се побара вниманието на националната влада. Меѓутоа, во општество кое е структиурано на неколку нивоа, локалната заедница ќе може лесно да ги препознае потребите на нејзините граѓани, ќе има моќ да се мобилизира и да го реши проблемот преку користење на федерални средства во најдобар интерес за нејзините жители.

***- Дали федерална Европа ќе го реши проблемот со невработеноста?***

- Во овој случај, тешко е да се даде директен одговор - „да“ или „не“. Европскиот федерализам е движење, а не политичка партија со изборна платформа која се бави со проблемот како да создаде нови работни места. Тоа е улога на политичките партии.

Но, важен дел од работата на Европската комисија е да се занимава со вработувањето и социјалните работи. Нејзината цел е да промовира општествен дијалог на европско ниво, да се зголеми еднаквоста меѓу мажите и жените, да се обезбедат сé повеќе и повеќе работни места. До денес, Комисијата има предложено „Европска стратегија за вработување“ која стана еквивалент на таканаречената „Стратегија од Лисабон“ чија цел е ЕУ да стане поконкурентна економија, способна за економски развој со повеќе и подобри работни места. Европската стратегија за вработување

промовира одредена координација на европско ниво бидејќи досега, меѓувладиниот метод се докажа како неефективен. Во федерална Европска Унија, овој вид на стратегија ќе се охрабрува, и улогата на европската влада би била да презема такви законодавни иницијативи.

***- Да го земеме ли примерот за образованието во рамките на федерална Европа?***

- Во рамките на било која вистинска федерална држава, областите како што се образованието и културата се често одговорност на регионите кои се потпомогнати од фондовите на националните влади.

Во случајот на Европската Унија, на наднационално ниво, веќе постои оддел (наречен генерална дирекција) која е одговорна за образованието, иако не се меша со политиките на образование на земјите членки, ниту пак негативно влијае на истите. Нејзината главна задача на

наднационално ниво е да промовира програми кои ќе им помогнат на заедниците да учат едни за други, во однос на нивните јазици, традиции, култури, и на овој начин да развијат европска културна област.

Кога Европската Унија би била организирана како федерална унија, ова не би се променило. Таквите програми ќе продолжат да се промовираат. Една можна промена би била секој регион во Европа да промовира образовен систем кој обрнува внимание на специфичностите на неговата културна разновидност. Но не смееме да заборавиме дека во овој момент само националните влади имаат право да ги зголемуваат даноците. Во федерална Европа наднационалната, федерална влада би била финансирана од сопствен систем на оданочување.

***- Но ако ЕУ е федерална унија, дали тоа значи дека Европските граѓани ќе мора да плаќаат двапати повисок данок?***

- Не! Буџетот на ЕУ денес во главно доаѓа од придонесите на земјите членки, и тоа всушност значи од националниот данок платен од граѓаните. Износот на придонесот на секоја земја членка се пресметува согласно една значително комплицирана формула.

Доколку Европската Унија имаше моќ самата да ги зголемува даноците, тоа ќе значеше дека граѓаните на сите земји членки ќе знаеја колку точно тие треба да платат на европската влада, и колку ќе оди во нивните национални влади. За обичните луѓе, ова навистина би ги разјаснило работите. Според тоа, моќта за оданочување е еден од најважните елементи кои ја дефинираат моќта на државата. Ако ЕУ имаше моќ на оданочување, тогаш навистина ќе се сметаше за држава, веројатно федерална.

***- А што е со здравството и заштитата на потрошувачите? Дали тие ќе се променат во федерална Европска Унија?***

- Дури и ако ЕУ би била федерална унија, веројатно законодавството за здравството и заштитата на потрошувачите би било имплементирано на истиот начин како и до сега. Откако ќе бидат одобрени од Парламентот и Советот, законите во овие области мора да се имплементираат од страна на националните, регионалните и локалните влади. Улогата на Европската комисија е да провери дали законите правилно се практикуваат и почитуваат. Таков е случајот и сега, па зошто федерална Европа би сакала да го промени тоа?

***- А што е со политиката за животната средина?***

- Во основа, ситуацијата е иста како и во случајот со здравството и заштитата на потрошувачите. Европската комисија го предлага законодавството за животната средина и тогаш проверува дали тоа правилно се имплементира во земјите членки.

***- Накратко дискутиравме за регионалната политика, вработувањето, обрзованието, заштита на потрошувачите и животната средина за да можеме подобро да замислиме какво би било влијанието на федерална Европска Унија врз нејзините граѓани. Мене ми изгледа дека нема да има многу влијание. Како би прокоментирале на ова?***

- Областите за кои прашувавте се оние кои најмногу ги загрижуваат европските граѓани. Ако Европската Унија стане федерално уредена нема да има големи промени во тие области и некои други слични на нив бидејќи федерализмот повеќе се занимава со идентификување на демократското ниво на владеење на кое треба да се донесат таквите одлуки.

Здравството е еден пример. Да се изгради една голема нова болница нормално би било национален или регионален проблем, но контролирањето на квалитетот на лековите кои се користат во

земјите членки на ЕУ мора да биде европски проблем.

Областите кои ги дискутиравме нема многу да се сменат во постапката бидејќи тие веќе функционираат многу блиску до федералистичките принципи за ефикасност, демократија и транспарентност. Згора на тоа, ова се области во кои Европскиот парламент има моќ на заедничко одлучување.

Како што видовме, доколку Европската комисија предложи нацрт-закон за политиката за животната средина, тој ќе биде подложен на заедника одлука од страна на Европскиот парламент и Советот на министри (за животна средина), при што и двете тела мора да изгласаат мнозинство. Меѓутоа, иако Европскиот парламент ги одржува своите дебати во јавност и според тоа е транспарентен, Советот на министри обично се состанува зад затворени врати и според тоа, не е транспарентен.

***- Да, но како нацрт верзијата на европскиот Устав ќе ја променеше ваквата ситуација?***

- Како прво, ќе имаше повеќе области во кои заедничкото одлучување на Европскиот парламент и на Советот на министри ќе беше задолжително. Второ, претставниците на граѓанското општество ќе беа многу повеќе консултирани за овој процес на одлучување. Како трето, европскиот Устав ќе ја подобреше транспарентноста со тоа што ќе ги обврзеше и Европскиот парламент и Советот на министри (кога заеднички се во улога на законодавци) да се состануваат јавно и ќе инсистираше на поголем пристап до документите на овие две инситуции.

***- Која е областа во која Европскиот парламент сега нема никаква моќ, а ќе ја имаше доколку ЕУ беше федерална унија?***

- Дефинитивно – надворешната политика, безбедноста и внатрешните работи. Ова се

областите во кои овластувањето е во рацете на земјите членки.

Ако ЕУ би била федерална унија, Европскиот парламент би имал два дома: сегашниот парламент како Дом на претставници, и Советот на министри како Дом на државите, или Сенат. Одлуките за надворешните односи на Европската Унија би морале да бидат поддржани и од двата дома.

***- Дали нацрт-верзијата на европскиот Устав ќе донесеше подобрувања на полето на надворешната политика?***

- Многу малку, но значителни промени ако се земе предвид дека се работи за многу деликатно прашање. Европскиот Устав тврди дека во некои области на слободата, безбедноста и правдата, Европскиот парламент ќе има моќ на заедничко одлучување.

Тешко е да се предвидат прогресивни чекори на ова поле бидејќи да се бара од европските држави да се откажат

од нивната сувереност на сметка на надворешните односи, е многу чувствителна работа.

Исто така, сé додека нацрт-договорот за Уставот не се ратификува или замени од нешто слично, развојот на надворешната политика на ЕУ ќе остане во главно меѓувладина. Меѓутоа, мал чекор нанапред беше направен со создавањето на оддел во Европската комисија кој ќе се занимава со имиграција и слични прашања. Овој новосоздаден и мал оддел има улога да предлага законодавство во координација со земјите членки. Ова создава напредок во смисла на тоа дека земјите членки си дозволија сами на себе да споделат со Европската комисија барем дел од иницијативите за законодавство.

Но не смееме да заборавиме дека во една област на политиката на ЕУ федерализмот веќе постои и беше многу успешен – имено, тоа е меѓународната трговија. На пример, во основањето на Светската трговска организација,

преговорите беа спроведени од Комисијата заедно со специјалниот комитет на Советот на министри. За ова прашање, како и други кои се поврзани со трговијата, Советот гласаше со квалифицирано мнозинство. Ова е приказна за успех која го покажува патот кон федерална иднина.

***-Ова беше многу добар начин да го завршиме денешното интервју. Би сакала да ви се заблагодарам што одвоивте време да им објасните на нашите млади гледачи кое би било влијанието на федерална Европска Унија врз секојдневниот живот на граѓаните.***

**Во студиото на ЕМТВ по завршувањето на обработката на материјалот:**

- Што мислиш сега за тоа како федералното уредување на Европската Унија би влијаело на секојдневниот живот на граѓаните?

- Целосно се согласувам дека сé што кажа почитуваниот „Шеф на владата“ беше многу

интересно, но описот на можното влијание на европската политика малку ми ги промени ставовите.

- Како мислиш?

- Федералната Европска Унија нема да донесе промени во самата политика! Изгледа дека политиката е добра како идеја; целиот проблем е во комплицираниот начин на кој се усвојува истата, низ процес кој не е доволно демократски и транспарентен! Тоа е она што федерална Европа ќе го промени!

- Ме восхитува фактот дека за да се промени начинот на кој се донесуваат одлуките, сé што треба да се направи се неколку мали чекори за некои не толку битни прашања...

- Не толку битни прашања? Како мислиш 'не толку битни'?

- Па, на пример, разбирам дека им е тешко на земјите членки да ја делат својата сувереност, но зошто да не се промени

Советот на министри кој секако ќе ја претставува земјата, во втор Дом на Европскиот парламент, во кој исто така ќе ги претставува земјите членки? Само ќе има различно име и ќе се гласа поинаку но многу поефикасно!

- Има ли некои други 'не толку битни' работи за кои размислуваш...?

- Не баш, но се прашувам, ако во надворешните работи влијанието на федерална Европска Унија е уште поголемо...

- За кога го закажа следното интервју?

- За два дена!

# ТРЕТ ДЕЛ

## Замислено интервју со Министерот за надворешни работи на Европската Унија

**Новинарката и камерманот од ЕМТВ заминуваат од студиото за да се сретнат за интервју со Министерот за надворешни работи на Европската Унија...**

- Ова е последното интервју во нашата документарна серија за федерализмот воопшто, и за европскиот федрализам... Дали првите две интервјуа ти ја сменија визијата за иднината на Европа?

- За себе секогаш сум сметала дека сум про-Европјанка; но сега сфаќам дека тоа не е доволно. Доколку навистина сакам да ѝ дадам облик на Европа, и самата треба повеќе да учествувам во процесот на нејзиното создавање!

- Што најпрво би побарала?

- Тешко е да се класифицираат потребите на Европската Унија. Но бидејќи денес ќе спроведиме интервју со Министерот за надворешни работи, би рекла дека ќе се залагам за Европска Унија која има поголемо влијание на светската сцена, која има способност да се справи со меѓународна криза, и која е ефективен партнер на Соединетите Американски Држави.

**Започнува замисленото интервју со Министерот за надворешни работи на Европската Унија...**

***- Ваша екселенцијо, ви благодарам што дозволивте да дадете интервју за „Документарната емисија за федерална Европа" која ЕМТВ ја подготвува за своите млади гледачи. Првото прашање кое би сакала да го продискутирате се однесува на причините зошто Европската Унија требаше да има Висок претставник***

***за заедничка надворешна и безбедносна политика?***

- Пред деведесеттите, Европската Унија имаше Комесар одговорен за европските надворешни односи. Да се има Министер за надворешни работи стана неопходно во деведесеттите кога земјите членки на Европската Унија се покажаа како премногу поделени за да можат да се справат ефективно со конфликтите на Балканот.

***- Меѓутоа, европските држави се обидоа да работат заедно во одбранбената и безбедносна политика уште од создавањето на Европската Унија. Првиот обид – Европската заедница за одбрана – заврши неуспешно во 1954 затоа што француското национално собрание не успеа да го ратификува иако сите други национални влади го имаа направено тоа. Малку подоцна во истата година, беше создадена организација за безбедносна политика и соработка во одбраната, која беше наречена Западно-***

***европска Унија. Таа организација беше слаба во однос на безбедноста и одбраната и затоа ја прекина својата активност во 2000 година.***

- Падот на комунизмот во Источна Европа во доцните осумдесетти и крвавиот конфликт во поранешна Југославија кој следеше во раните деведесетти, ги натераа земјите членки на Европската Унија посериозно да ја земат предвид потребата за силна европска надворешна политика. Ова беше еден од најважните аспекти на Договорот од Амстердам (1997) кој содржеше одредби за да се создаде функција за некој на европско ниво да биде одговорен за европските надворешни работи. Оваа личност беше наречена 'Висок претставник за заедничката надворешна и безбедносна политика'. Беше јасно дека за да може Европската Унија да игра поголема улога во меѓународните односи, ѝ беше потребен портпарол овластен од земјите членки да зборува од името на Европа. Полека граѓаните ќе ја прифатат оваа

личност како некој кој има мандат во европските надворешни односи. Функцијата на Висок претставник требаше да постои паралелно со таа на Комесарот за европски надворешни односи.

Високиот претставник за заедничката надворешна и безбедносна политика беше одговорен да ја претставува Европската Унија во разни кризни ситуации (како на пример во Македонија). Позитивните резултати докажаа дека Европа може, и треба да има посилна улога во надворешните односи. Како резултат, со секој договор што следеше по тој од Амстердам (1997), улогата на Високиот претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика стануваше сé појасна, процес кој кулминираше со нацрт-договорот за Уставот (2004) кој предложи Високиот претставник да се замени со Министер за надворешни работи кој истовремено ќе биде и еден од потпретседателите на Европската комисија.

***- Која е разликата меѓу улогата на Високиот претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика и улогата на Европски Министер за надворешни работи?***

- Разликата во задачите не е многу значајна, меѓутоа во смисла на извршувањето, фукцијата на Европскиот Министер за надворешни работи истовремено и како потпретседател на Европската комисија го подвлекува идното вклучување на оваа институција во прашања од надворешните односи.

И за Високиот претставник и за европскиот Министер за надворешни работи одлучуваа земјите членки. За европскиот министер за надворешни работи да има мандат, сите земји членки мораа да гласаат едногласно. Ова практично значи дека министрите за надворешни работи европските земји членки (Франција, Велика Британија, Италија итн) се собираат еднаш месечно, а некогаш и почесто за да одлучуваат по одредено прашање кое треба

да биде спроведено од страна на Високиот претставник од име на Европската Унија. Но овие одлуки мора да се направат едногласно, а тоа значи дека улогата на Високиот претставник е да се залага за консензус. Поинаку кажано, ако нема консензус, нема ни одлука, ни акција!

***- За жал, ставовите на земјите членки може значително да се разликуваат и понекогаш не може да се дојде до конзсензус. Сепак, нацрт-верзијата на Уставот не предложи никаква промена во однос на гласачкиот систем со Советот на министри за надворешни работи. Тој го задржа гласањето со едногласност, што значи дека Министерот за надворешни работи не само што ќе продолжи да зависи од волјата на земјите членки, туку дека и воопшто нема да биде возможна ефективна одлука.***

- Ова е деликатно прашање. Од една страна, едногласноста понекогаш е оправдана од историски причини. Некои луѓе тврдат дека

не е фер да се игнорира или отфрли мислењето на било која земја членка само за да може да се донесе некоја одлука.

Од друга страна пак, од практична гледна точка, големината на сегашниот Совет можеби е и главната пречка. Во времето на Договорот од Амстердам, кога се обликуваше идејата за претставник на европската надворешна политика, Европската Унија имаше само 15 земји членки. Сé уште беше возможно да се постигне консензус на 15 министри за надворешни работи. Но оттогаш Европската Унија се зголеми најпрвин на 25 земји членки кои наскоро ќе бидат 27, а можеби и повеќе. Иако не е невозможно, да се постигне консензус ќе бара огромно инвестирање во време поминато во преговори помеѓу земјите членки, што ќе ја одложи реакција на ЕУ на било која итна меѓународна криза и ќе направи европската надворешна политика да изгледа и неефективна и неефикасна.

Исто така, ќе биде многу потешко да се постигне консензус помеѓу толку многу национални влади, бидејќи речиси секоја земја членка, традиционално, си има сопствена регионална надворешна политика.

- ***Би можеле ли попрецизно да објасните?***

- На пример, конфлкт во Беларусија би создал голема загриженост кај владите на балтичките држави. Доколку истовремено, се случи друг конфликт во Источен Тимор кој ја загрижува португалската влада, но не и балтичките држави, реагирањето на ЕУ и во двата случаи ќе бара едногалсност на Советот. Ова ќе одземе многу време и енергија во преговори помеѓу националните влади и ќе го одложи одговорот на проблемите во Белорусија и Источен Тимор. Попрактично кажано, ќе значи дека луѓето во земјите каде има конфликти ќе платат висока цена дури ја чекаат Европа да донесе одлука.

Предложената функција на Министер за надворешни работи да го замени 'Високиот претставник за заедничка надворешна и безбедносна политика', многу појасно ќе ја поврзе таа личност со неговиот / нејзиниот мандат. Но дури и со оваа новина, потребата за едногласност меѓу националните влади останува проблематична. Одлуките донесени со изгласување мнозинство би биле многу поефективни и би ја зголемиле ефикасноста на Европа во справувањето со меѓународните конфликти.

***- Дали постоењето на Министер за надворешни работи ќе ја приближи Европа до федерална држава?***

- Европската Унија веќе претставува комплетна конфедерација. Да се има Министер за надворешни работи е како метафора или симбол, но не значи дека Европската Унија е поблизу до идејата дека е држава. Дури ни федерална. Постоењето на таква функција само значи дека на

европско ниво има личност која е задолжена од националните влади да ја спроведува општата надворешна политика на Европа. Тоа значи дека кога Соединетите Американски Држави, или Русија, или Кина, сакаат да дискутираат за некое прашање од меѓународната политика, ќе има една личност до која можат да ја упатат нивната загриженост. Да ја парафразирам познатата изрека на Кисинџер „ако сакам да зборувам со Европа, кому да се јавам?", сега со постоењето на Министер за надворешни работи на Европската Унија, ќе има кому да се телефонира.

За да се смета функцијата на Министер за надворешни работи на Европската Унија како прв чекор кон федерална Европска Унија, најпрво треба да се имплементираат други одредби. На пример, Министерот за надворешни работи исто така би бил и еден од потпретседателите на Европската комисија. Но, Европската комисија не е вистинска европска влада. Министер без влада, сам по

себе не може Европската Унија да ја направи федерална држава.

***- Ако ЕУ би била вистинска федерална држава, која би била улогата на министрите за надворешни работи на европските земји членки?***

- Кога ЕУ би била федерална унија, земјите членки сѐ уште би си имале свои министри за надворешни работи. Тие би биле министри на федералните единици од кои би се состоела европската федерација. Разликата би била во тоа што нивниот мандат би бил ограничен бидејќи нивната земја доброволно би предала дел од својата моќ во надворешните работи на европскиот Министер за надворешни работи. Ова значи дека би требало да се создаде и друг документ на европско ниво кој јасно ќе ја определи поделбата на задачите меѓу министрите за надворешни работи на земјите членки и европскиот Министер за надворешни работи.

***- Дали Министерот за надворешни работи на ЕУ ќе биде претставникот од Европа во Советот за безбедност во Обединетите Нации?***

- Ако Европската Унија сака светот да чуе еден глас од Европа во однос на меѓународните односи, тогаш европскиот Министер за надворешни работи би имал постојано место во Советот за безбедност на Обединетите Нации.

Ситуацијата е малку комплексна. Советот за безбедност на Обединетите Нации има петнаесет члена, од кои пет се постојани, и имаат право на вето, а десет членки имаат ротирачко членство. Системот на гласање во Советот за безбедност е со изгласување мнозинство (девет гласа од петнаесет). Проблемот кој се јавува е дека би имало европски држави кои се и меѓу постојаните пет членки, и меѓу непостојаните, ротирачки членки.

***- Петте постојани членки во Советот за безбедност на Обединетите Нации се:***

***Кина, Франција, Велика Британија, Руската федерација (како официјален наследник на СССР) и Соединетите Американски Држави; а Германија се обидува да стане постојан член. Две од постоечките постојани членки, Франција и Велика Британија се исто така земји членки на Европската Унија.***

- Со тоа што денес е конфедерација, Европската Унија не е федерација. Значи европскиот Министер за надворешни работи не може да има постојано седиште во Советот за безбедност на Обединетите Нации како претставник на Европа.

Како федерална унија, ЕУ би имала правна поставеност. Значи, би било нелогично во една организација како што се Обединетите Нации, Европа да биде претставена од министри на државите, а не од европскиот Министер за надворешни работи. Во такви околности, европските национални влади ќе бидат обврзани да имаат единствен став за меѓународните прашања.

***- Овде пак се јавува проблемот со изгласување едногласност меѓу националните влади.***

- На пример, во случајот со Ирак, ќе беше потребна едногласност од сите пет постојани членки на Советот за безбедност за воената интервенција да биде легална. Во нашата вежба за замислена визија во која Европската Унија е федерална држава, претставникот на ЕУ во Советот за безбедност на Обединетите Нации мора прво да се договори за европскиот став со националните влади на ЕУ. Пред да оди во Њујорк каде се состанува Советот за безбедност, европскиот Министер за надворешни работи прво мора да се сретне со околу 30 европски влади за да постигнат заеднички став за тоа дали е потребна интервенција во Ирак. Замислете колку време би било потребно за тоа! Но доколку се користеше системот на изгласување мнозинство, ситуацијата би била многу поразлична. На министрите за надворешни

работи на земјите членки на ЕУ ќе им требаше многу помалку време и ќе беа во можност навремено да формираат заеднички став за тоа дали да се поддржи интервенција во Ирак или не.

***- Изгледа дека успехот на европската надворешна политика би зависел од волјата на европските земји членки да се справат со предизвиците со кои се соочува Европската Унија и да им се спротивстават преку заедничко дејствување. Државите можат да дејствуваат и сами, но со предизвиците подобро ќе се соочат само ако сите дејствуваат заедно.***

- Да, навистина. Против предизвиците како што се имиграцијата, етничките конфликти, климатските промени, последиците од глобализацијата, и зголеменото дејствување на терористичките групи, државите поефективно ќе се изборат ако дејствуваат заедно. Во денешно време има се помалку и помалку случаи во кои луѓето

умираат поради конвенционални војни меѓу државите. Најголем дел од денешните конфликти се случуваат поради колапс на политички режим во некоја земја или поради закани од недржавни актери, како на пример терористички групи и организираниот криминал.

Кога Европската Унија би била организирана во систем од хоризонтални слоеви со јасна поделба на задачите во секој слој, во кој сите дејствуваат во цврсто изградена мрежа, таа би одиграла многу поголема улога во справувањето со ваквите проблеми.

***- За подобро да разберат нашите гледачи, би предложила да го земеме за пример случајот со поранешна Југославија. Како ќе реагираше Европа ако во тоа време имаше Министер за надворешни работи?***

- Ова е прашање кое ме обврзува да шпекулирам, но...кога веќе правиме вежба за замислување и визионирање...Мислам

дека со ситуацијата ќе се справевме поинаку.

Иако европските држави имаа поделени мислења за конфликтот во Југославија, откако беше назначен Високиот претставник, тој одигра важна улога во намалувањето на тензиите. Тој беше способен да најде мирно решение, или барем договор кој им одговараше на сите засегнати страни. Ова докажа дека иако Европската Унија нема војска, нејзиното влијание во конфликтните региони може да биде големо. Меѓутоа, мора да се признае дека да ја имаме само вистинската личност на вистинската функција но без потребната поддршка, исто така не е многу добро решение. Ова е причината поради која е потребен мал контингент од луѓе кои ќе служат како 'европска армија' во кризните региони.

***- Еве, сé уште го разгледуваме примерот со поранешна Југославија; како ќе еволуираше тој конфликт доколку ЕУ беше федерална унија?***

- Ќе имаше помала веројатност таков конфликт да се случи дури и ако Европската Унија беше уредена како што е и во моментот. Всушност, причината за формирање на Европската Унија беше да се спречи војна помеѓу земјите членки.

Има неколку причини за тоа зошто има помала веројатност да се појават конфлкти во границите на Европската Унија и јас ќе се фокусирам само на неколку од нив: прво, Европската Унија започна како механизам за контролирање на воените индустрии преку создавање на Високата власт за производството на јаглен и челик. Денес, Европската Унија се развива во културна заедница, или подобро кажано, мултикултурна заедница. Во овој аспект, има многу програми кои се промовираат за претставниците на различните култури да се запознаат и да ја откријат убавината и богатството на европската културна разновидност. Понатаму, сите држави кои се земји членки на Европската Унија се цврсто изградени демократии, што значи

дека тие веќе споделуваат одредени вредности кои би им помогнале да избегнат војна помеѓу нив. Европските институции беа создадени државите да работат заедно за нивниот најдобар интерес, но и заедно да ги решаваат нивните несогласувања. За таа цел, беше создаден европскиот Суд на правдата; неговата функција е ногу слична на функцијата на Федералниот Суд во САД, во однос на органичувањето на суверенитетот на државите.

***- Како дигресија во нашата дискусија, кажете ми како европскиот Суд на правдата го ограничува суверенитетот на земјите членки?***

- Еве конкретен пример за начинот на кој европскиот Суд на правдата може да го ограничи суверенитетот на земјите членки: ако Европската комисија предложи нацрт-закон за отпадот како дел од нејзината политика за животната средина, и истиот е усвоен и од Европскиот парламент и од Советот на министри, тогаш тој станува

закон на ЕУ (кој се нарекува 'директива'). Сите европски земји членки мора да ја имплементираат таа директива во рамките на одреден временски период. Доколку некоја држава не ја усвои, Европската комисија (откако ќе направи некои административни чекори да ги потсети членките на нивните обврски) има право да ја изведе таа држава пред европскиот Суд на правдата.

***- Како би изгледала федералната Европска Унија?***

- Како преглед, ако ЕУ би била федерална унија, таа дефинитивно би имала влада. Оваа улога би била преземена од страна на Европската комисија која би имала моќ да предлага законодавство за сите области наведени во нејзиниот Устав; би имала дво-домен Парламент формиран од постоечкиот Парламент и од Советот на министри кои би донесувале одлуки со изгласување мнозинство и на тој начин би се обезбедила ефикасноста во

одлучувањето како и транспаренстноста на дискусиите кои би биле отворени за европските граѓани. Европскиот Суд на правдата, кој веќе функционира како суд на федерална држава, исто така ќе суди за случаи покренати од самите европски граѓани.

Заканата европските граѓани да се убиваат едни со други во војни, во овој век е многу мала, дури и невозможна. Заканите денес се поголеми отколку самата војна и ова е обласа во која федерализмот може да одигра важна улога: со ограничување на суверенитетот на државите, да не дејствуваат сами и да предадат дел од нивната моќ на наднационално ниво, Европската Унија ја зајакнува својата способност да се справи со денешните закани и предизвици.

***- Попрецизно, кои се внатрешните и надворешните предизвици на кои подлежи Европската Унија и против кои би можела подобро да се избори кога би била федерална унија?***

- Европската Унија е комплексна машинерија. Предизвик е дури и обидот да се идектификуваат и набројат нејзините внатрешни и надворешни предизвици!

Некои од внатрешните предизивици со кои денес Европската Унија се среќава се следните: финансиската нестабилност, невработеност, имиграција, нетолерантност. Некои од надворешните предизвици со кои земјите членки на Европската Унија не можат сами да се борат се: терористичките мрежи, оружјето, климатските промени.

Европската Унија има способност да направи разлика и да донесе позитивни промени, меѓутоа, она што ѝ недостасува е моќ да го направи тоа. ЕУ организирана како федерална унија би имала многу повеќе моќ која би била способна да ја спроведува демократски.

***- Ваша Екселенцијо, ви се заблагодарувам многу за ваквиот интересен преглед на европските***

***надворешни работи! Ви благодарам за вашата вежба на замислување и визија!***

**На пат назад кон студиото на Европската Младинска Телевизија...**

- Не ми се верува дека речиси ја завршивме нашата работа за документарната серија.

- Кога материјалот ќе биде подготвен за младите гледачи?

- За еден месец. Значи, имаме точно еден месец да го сработиме и потоа да го емитуваме на ЕМТВ!

- Зошто сакаше да направиш документарец за европскиот федерализам? Навистина беше интересно, но зошто не документарец за Европската унија на национални држави?

- Па, пред сé, затоа што Европската Унија е комплексен субјект, но дури и ако се одземе еден од елементите кои ја прават комплексноста, не може да се игнорираат другите; едноставно, заземаш друг агол за

анализа. Второ, зошто да не се фокусираме на Европската Унија како политички проект кој се развиваше многу побавно од економскиот проект?

- Значи сама ја презема иницијативата да го направиш овој материјал?

- Да, инцијативата беше лично моја, но потоа ја дискутирав со другите во нашиот оддел во EMTB; тие мислеа дека идејата е добра, и, еве сме, на крај со работата...

- Што те натера да мислиш дека европската младина би била заинтересирана за оваа тема?

- Иако голем дел од младите во Европа имаат многу други активнности покрај училиштето, и иако политката можеби не е вистински дел од таквите активности, јас длабоко сум уверена дека ако светот на политиката ним им се презентира како свет на елегантна облека и комплицирани говори, тогаш многу луѓе целосно ќе ја игнорираат оваа тема и ќе си продолжат со

другите активности кои им изгледаат многу пријателски.

- Колку научи од овие интервјуа?

- Повеќе отколку што можев да замислам! Знаеш што? Посакувам да можевме сѐ ова повторно да го направиме.

- И јас. Но мора да признаеш дека беше многу напорно.

- А ти? Колку мислиш дека научи од овие интервјуа?

- Многу! Најмногу ми се допадна делот со вежбата за замислување и визионирање. За момент, обиди се да замислиш....како изгледа Европа во твојата имагинација?

- Како ја замислувам Европа? Сонувам за силна Европа која се заснова на толеранција за културната разновидност, Европа која покажува почит за постарите генерации и се грижи за идните; Европа која ја сака нејзината младина!

## Поговор

Флорина-Лаура Некулаи одбра многу оригинален начин да ѝ ги презентира на младата генерација чувството и важноста на европскиот федерализам. Нејзините интервјуа даваат зголемен динамизам на предметот, кој може да биде дидактичен, а дури и здодевен: минати, сегашни и идни процеси во Европската Унија. Одамна беше потребен едноставен, точен и жив опис на федеративните процеси во рамките на ЕУ. Во тој контекст, корисно е да се навратиме на основните вредности, принципи и искуства на федеративните заедници. Игнорирањето на вистинската природа на федерацијата е зачудувачко, особено во земјите со традиција на централизираност. Ова се покажа во неодамнешните дебати околу ратификацијата на европскиот Устав во Холандија: еден од аргументите беше дека уставниот договор е закана за

постоењето на холандската нација. Напротив, Федералната Унија не само што го зачувува и гарантира, туку и го поддржува идентитетот и автономноста на нејзините членови.

Најдобар доказ за ова е искуството на швајцарската федерална држава, која ја зачува автономноста на нејзините кантони низ вековите. Како што покажуваат интервјуата, еден од главните федеративни принципи е рамнотежата меѓу автономност и учество во процесот на одлучување како и меѓу Унијата и нејзините членови.

Има две работи кои сакам да ги додадам на презентацијата на Флорина-Лаура Некулаи. Првата се однесува на односот помеѓу културата и федерализмот од една страна, и основните принципи и вредности во Европа од друга страна. Втората работа се однесува на тоа да се предвидат идните текови на развој на високата

технологија. Наспроти градењето на нации и заедници во минатото, кои се основаа на доминација, Европската Федерација се основа на слободно и доброволно здружување на суверени држави. Претставува признавање на сите човечки суштества како и вредностите како што се слободата, демократијата и човековите права. Друг битен елемент на основањето на европската федерација е европската заедничка и разновидна култура. Разновидноста, која наведува на заедничко тло и заеднички вредности, е во согласност со духот и природата на федерализмот. Не изненадува тоа што европскиот Устав ја изрази оваа потреба преку усвојување на мотото: „обединети во својата разновидност“. Ова го рефлектира и швајцарското мото “union dans la diversité” (унија во разновидност). Без да се спомене федерализмот или федералниот начин на кој Унијата би ги спроведувала своите овластувања, Уставот го усвои општото мото на

федерализам, во Член IV-1 за симболите на Унијата.

Значајно е да се запамети дека Денис де Ружмон додаде две важни димензии на дефиницијата на принципите и доблестите на федерализмот: принципот на супсидијарност и идејата за региони во рамките на Европската федерација. За иднината на Европската Унија, мора да се нагласи дека федеративниот пристап, благодарение на неговата флексибилна и креативна формула, одговара на извонредната револуција на технологијата и на масивната употреба на компјутерите и разните средства на комуникација. Како резултат на оваа револуција на технологијата, можно е да се управува со комплексната реалност на различно уредените но напредни општества. Основана на различни нивоа, Европа со елан ја прифаќа интеграцијата од најмалите единици, како што се општините, до поголемите и

покомплексни единици како што се регионите и државите, а сето тоа кулминира во една интерактивна федерална структура. Уште во осумдесетите години, Денис де Ружмон со предвидливост изјави дека федерализмот се базира на комплексност и вклучува региони и компјутери.

Денес, знаеме дека преку Интернет и другите средства за комуникација сме влијаеле и ќе продолжиме да влијаеме врз нашите демократски и федерални системи. Навистина, изгледа дека младите луѓе се посклони да се консултираат со страници на Интернет отколку да читаат весници. Интернетот и телевизијата веројатно ќе имаат уште поголемо влијание на нашето општество и на начинот на кој истото ќе функционира во иднина.

Поради различни причини, една од најважните потреби во моментот, а и за во иднина, е образованието. На пример, историјата, географијата и

животната средина треба да се изучуваат во поширока смисла на европскиот дух. Изучувањето на граѓанско уредување треба да се воведе уште во основно училиште и да се изучува и на универзитетско ниво. Всушност, очигледно е дека денес една од главните грижи на Европската Унија е да развие контакти и дијалози со граѓаните и нивните здруженија. Истовремено, се применува и новиот метод на воведување на наука и научно размислување уште во основните училишта. Два лауреати на Нобеловата награда за физика, Лео Ледерман и Жорж Шарпак создадоа нов пристап на изучување на науката преку експерименти. На овој начин, децата можат да научат како да формулираат хипотези и како да изнесуваат докази. Како резултат на ова, децата ќе развијат чувство за работа во тим, за колективни дискусии, и за дијалози кои се базираат на аргументи и факти. Како што и претходно е забележано, ова не е само

вистинска револуција во традиционалното образование, туку исто така образува за демократијата базирана на принципот на заедничко признавање и почит. Има надеж дека овој пристап ќе помогне во намалувањето на насилството и конфликтите во училиштата, и следствено во општеството. Ова е особено важно за големиот број етнички, религиозни и лингвистички елементи кои ги карактеризираат европските општества.

За мене, очигледно е дека образованието, заедно со вредностите и принципите, е основата во потрагата за нов федерализам во Европа. Јас сум убеден дека следната книга на Флорина-Лаура Некулаи ќе се фокусира на овие прашања, кои се фундаментални за федералната иднина на Европа.

**Проф. Душан Сиџански**

# Формулар за одговор

Сега откако ја прочитавте книгата и ја знаете нејзината содржина, можеби имате некои позитивни и/или негативни коментари, прашања кои сакате да ги поставите или едноставно да додадете нешто! Во контекст на идното и подобрено второ издание на овој текст, би ве замолила слободно да ги испратите вашите коментари на:
bookonfederalism@yahoo.com

Оваа книга исто така може да се најде и на интернет каде може да се симне бесплатно. Достапна е на неколку различни јазици на интернет страницата на Унијата на Европски Федералисти на:
www.federaleurope.org

Со нетрпение го очекувам вашиот одговор!

Флорина-Лаура НЕКУЛАИ